KNOWLEDGE – International Journal
Vol.30.6
March, 2019

PROSPERITY INDEX AS A MEASURE OF QUALITY OF LIFE IN MACEDONIA

Tatjana Dimoska
Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid, Macedonia, tanjadimoska@yahoo.com
Slavica Dimoska
Faculty of Law – Kicevo, Macedonia, slavicadimoska@yahoo.com

Abstract: Quality of life is an exceptionally complex concept which is the object of interest of different scientific disciplines such as: medicine, sociology, psychology, economics, philosophy, environment, sport, recreation, architecture etc. This concept is a very broad and multidimensional concept covering all spheres of society i.e. the overall well-being of people and society. Quality of life has objective and subjective dimension and can be measured at the level of individuals or society in global. This concept is a difficult concept to define, widely used, but with little consistency, enjoying a wide variety of definitions. There is no single fully agreed definition of quality of life, although a working group of the World Health Organization (WHO) has defined the concept with emphasis on the personal evaluation of functioning in relation to individual and/or cultural standards, values, expectations and goals.
Nowadays, many indicators are used for measuring the quality of life concept. These composite indicators are significantly different from each other according to: components that make them, sources of data, methodology of calculation, development aspects they focus on, their coverage etc. Some of those indicators are: Happy Planet Index (HPY), Human Development Index (HDI), Better Life Index, Where to be Born Index, Legatum Prosperity Index (LPI), etc.
One of these indicators is Legatum Prosperity Index (LPI), a relative new and comprehensive indicator, which explains in a unique way the level and the dynamics of prosperity of the countries in the world. The Legatum Prosperity Index (LPI) captures the breadth of prosperity of the country across nine pillars of prosperity: economic quality, business environment, governance, safety and security, education, health, and natural environment. This index is based on 104 different variables analyzed across 149 nations around the world, covering more than 96% of the world's population and 99% of the world's GDP. The analyzed country is given a score for each pillar. This score is based on the country's performance with respect to each of the indicators in that pillar. Each pillar contains around 12 indicators. The mean of nine pillar scores yields a country's overall Prosperity score. The overall Prosperity Index rankings are based on this score.
In This paper firstly will be explained the concept of quality of life and the index of prosperity as an index for measuring the quality of life, its construction and calculation, as well as its application in calculating the quality of life in Macedonia for the period 2007-2018.
Keywords: quality of life, indicators, Legatum Prosperity Index (LPI), Macedonia.

ИНДЕКСОТ НА ПРОСПЕРИТЕТ КАКО МЕРКА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Татјана Димоска
Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Македонија, tanjadimoska@yahoo.com
Славица Димоска
Правен факултет – Кичево, slavicadimoska@yahoo.com

Резиме: Квалитетот на живот е исклучително сложен концепт кој е предмет на интерес на различни научни дисциплини како што се медицината, социологијата, психологијата, економијата, филозофијата, животната средина, спортот, рекреацијата, архитектурата итн. Овој концепт е многу широк и мултидимензионален концепт кој ги опфаќа сите сфери на општеството односно целокупната благосостојба на луѓето и општеството. Квалитетот на живот има објективна и субјективна димензија и може да се мери на ниво на поединци или општеството во целина. Овој концепт е тежок концепт за дефинирање, широко употребуван, но со мала конзистентност, уживајќи широк спектар на дефиниции. Не постои една единствена дефиниција за квалитетот на живот, иако работната група на Светската здравствена организација (СЗО) го дефинира

концептот со акцент на личната евалуација на функционирањето во однос на индивидуалните и/или културните стандарди, вредности, очекувања и цели.

Денес, за мерење на концептот на квалитетот на живот се користат многу индикатори. Овие сложени индикатори значително се разликуваат едни од други според компонентите што ги сочинуваат, изворите на податоци, методологијата на пресметка, развојните аспекти на кои се фокусираат, нивната покриеност итн. Некои од овие индикатори се: Индексот на среќна планета, Индексот на човеков развој, Индексот на подобар живот, Индексот каде да се биде роден, Легатум индексот на просперитет, итн.

Еден од овие индикатори е Легатум индексот на просперитет (LPI), релативно нов и сеопфатен индекс, кој на единствен начин го објаснува нивото и динамиката на просперитет на земјите во Светот. Легатум индексот на просперитет (LPI) ја опфаќа широчината на просперитетот на земјата низ девет столбови на просперитет економски квалитет, деловно опкружување, управување, сигурност и безбедност, образование, здравје и природна средина. Овој индекс е базиран на 104 различни варијабли анализирани низ 149 земји низ целиот Свет, покривајќи повеќе од 96% од светската популација и 99% од светскиот БДП. Анализираната земја добива оцена за секој столб. Овој резултат се базира на перформансите на земјата во однос на секој од индикаторите во тој столб. Секој столб содржи околу 12 индикатори. Средната вредност на резултатите во деветте столбови придонесува за резултатот на целокупниот просперитет на земјата. Севкупното рангирање на индексот на просперитет се базира на овој резултат.

Во овој труд најпрво ќе се објасни концептот на квалитет на живот и индексот на просперитет како индекс за мерење на квалитетот на живот, неговата конструкција и пресметка, како и неговата примена во пресметувањето на квалитетот на живот во Македонија за периодот од 2007 до 2018 година.

Клучни зборови: квалитет на живот, индикатори, Индекс на просперитет, Македонија.

1. ВОВЕД

Квалитетот на живот е исклучително сложен концепт кој е предмет на интерес на различни научни дисциплини како што се медицината, социологијата, психологијата, економијата, филозофијата, животната средина, спортот, рекреацијата, архитектурата итн. Овој концепт е многу широк и мултидимензионален концепт кој ги опфаќа сите сфери на општеството односно целокупната благосостојба на луѓето и општеството. Денес, за мерење на концептот на квалитетот на живот се користат многу индикатори. Овие сложени индикатори значително се разликуваат едни од други во зависност од компонентите што ги сочинуваат, изворите на податоци, методологијата на пресметка, развојните аспекти на кои се фокусираат, нивната покриеност итн. Некои од овие индикатори се: Индексот на среќна планета, Индексот на човеков развој, Индексот на подобар живот, Индексот каде да се биде роден, Легатум индексот на просперитет, итн.

Еден од овие индикатори е Легатум индексот на просперитет (LPI), релативно нов и сеопфатен индекс, кој на единствен начин го објаснува нивото и динамиката на просперитет на земјите во Светот.

2. КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

Поимот квалитет на живот е релативно нов поим во академската литература кој во "Меѓународната енциклопедија на социјални науки" се појавил во 1968 година. Во литературата постојат тенденции овој поим да се поистовети со други концепти или пак да се користи паралелно со нив (среќа, лично задоволство, благосостојба, животна сатисфакција, здравствена состојба) што е сосема погрешно. Концептот на квалитет на живот е многу широк и мултидимензионален концепт кој ги опфаќа сите сфери на општеството односно целокупната благосостојба на луѓето и општеството. Квалитетот на живот има објективна и субјективна димензија, содржи многу компоненти и може да се мери на ниво на поединец или општеството во целина. Овој концепт е тежок за дефинирање, широко употребуван, но со мала конзистентност, уживајќи широк спектар на дефиниции. Според Schalock во литературата се спомнуваат преку 100 дефиниции за квалитетот на живот. Farquhar дефинициите за квалитетот на живот ги класифицира како: општи дефиниции, дефиниции на компоненти, фокусирани дефиниции и комбинирани дефиниции.

Работната група на Светската здравствена организација (СЗО) го дефинира концептот на квалитет на живот со акцент на личната евалуација на функционирањето во однос на индивидуалните и/или културните стандарди, вредности, очекувања и цели.

Според R.A. Cummins (1997) "Квалитетот на живот е објективен и субјективен, секоја оска претставува збир на седум домени: материјална благосостојба, здравје, продуктивност, интимност, безбедност, општество и емотивна благосостојба. Објективните домени опфаќаат културно релевантни мерки на објективната

благосостојба. Субјективните домени го вклучуваат доменот на задоволство пондериран од неговата важност за поединецот.”[190]

Високиот квалитет на живот вклучува:”

- доволна должина на здрав живот, поткрепена со добри медицински услуги и сигурност;
- прифатлив обем на потрошувачка на стоки и услуги, гарантиран пристап до материјални добра;
- задоволителни социјални релации, отсуство на сериозни социјални конфликти и закани за достигнатото ниво на благосостојба;
- благосостојба на семејството;
- спознавање на Светот и развој – пристап до знаење, образование и културни вредности кои го обликуваат идентитетот и идеите за Светот;
- земање во предвид на ставовите на поединецот во решавање на социјалните проблеми, учество во создавањето на заедничка слика за Светот и правила на човековото однесување;
- социјална припадност, целосно учество во јавниот и културниот живот во сите негови форми;
- пристап до различни информации, вклучувајќи информации за состојбата во општеството;
- удобни работни услови, давање простор за креативност и исполнетост и доволно слободно време за вклучување на личноста во различни активности.”[191]

3. ЛЕГАТУМ ИНДЕКС НА ПРОСПЕРИТЕТ КАКО МЕРКА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ

Легатум индексот на просперитет (LPI) е најнова и сеопфатна мерка за квалитетот на живот, која е креирана во 2007 година од страна на Институтот Легатум. Овој индекс е особено добра мерка за квалитетот на живот бидејќи при неговото мерење овој индекс покрај економските, ги вклучува и социјалните, институционалните и еколошките индикатори; посеопфатен е за разлика од другите композитни индекси; при неговата пресметка се надминати недостатоците и слабостите што ги имаат другите композитни индекси, и овозможува анализа и споредба како на целокупниот просперитет на земјите во Светот, така и на неговите компоненти (столбови). LPI всушност претставува мерка за човечкиот просперитет (напредок) кој покажува како се формира и како се менува просперитетот во земјите во Светот. Тој во исто време го покажува економскиот просперитет (богатството) на земјата и благосостојбата (социјалната благосостојба) кои меѓу себе се поврзани и взаемно функционираат како единствен двигател на просперитетот.

Овој индекс го мери квалитетот на живот во 149 земји од Светот од 2007 година до денес, врз основа на објективни и субјективни податоци. Содржи 9 компоненти (столбови) и тоа: економски квалитет, бизнис опкружување, здравје, сигурност и безбедност, социјален капитал, образование, управување, лични слободи, и природна средина. Секоја компонента содржи околу 12 варијабли, што значи дека LPI има вкупно 104 варијабли (индикатори). LPI се состои како од објективни, така и од субјективни варијабли (индикатори). Околу 2/3 од овие варијабли се објективни варијабли кои ја прикажуваат материјалната благосостојба на населението, а останатите 1/3 се субјективни варијабли кои се однесуваат на менталните и емоционалните особини на населението, а се добиени како резултат на разни видови опсежни истражувања.

- Столбот на економски квалитет ги мери перформансите на земјите и ги рангира земјите врз основа на стандардот на живеење што го овозможуваат економијата, економската инклузивност, антимонополската политика, учеството на работната сила, трговската конкурентност и отвореноста на трговијата.
- Деловното опкружување ги мери претприемачкото опкружување на земјите, деловната инфраструктура, пристапот до кредити, заштитата на инвеститорите и флексибилноста на пазарот на трудот.
- Управувањето ги мери перформансите на земјата во 4 области и тоа: владеење на правото, интегритетот на власта, владините перформанси и политичката партиципација.
- Столбот на личните слободи го мери националниот прогрес врз основа на основните законски права на населението, нивните индивидуални слободи и социјалната толеранција.
- Столбот на социјален капитал го покажува интензитетот и обемот на персоналните и социјалните релации, социјалните норми и граѓанското учество во земјата.

[190] V. Pukeilenî, V. Starkauskienî, Quality of life concepts, measurement and challenges, Taikomoji Ekonomika: Sisteminiai Tyrimai: 2009.3/2, 2009, pp.53

[191] Z. V. Krinitcyna, T.R. Mihailova, M. V. German, Quality of life as basis for achieving social welfare of the population, SHS Web of Conferences 28, 01060, 2016.

- Столбот на сигурност и безбедност ги рангира земјите врз основа на нивната национална безбедност, личната безбедност и сигурноста на условите за живеење.
- Столбот на образование го покажува пристапот до образование, квалитетот на образованието и човечкиот капитал.
- Здравјето ги мери перформансите на земјата во следните три области: здравствените резултати (во физичкото и менталното здравје), здравствените системи, и болестите и факторите на ризик.
- Компонентата на природна средина ги мери перформансите на земјата во 3 области: квалитетот на природната средина, притисоците врз животната средина и напорите за нејзино зачувување и заштита.

Индексот на просперитет е базиран на 104 различни варијабли анализирани низ 149 земји низ целиот Свет, покривајќи повеќе од 96% од светската популација и 99% од светскиот БДП. Пресметката на квалитетот на живот врз основа на овој индекс се врши на следниов начин: анализираната земја за која се пресметува квалитетот на живот, добива оцена за секој столб. Овој резултат се базира на перформансите на земјата во однос на секој од индикаторите во тој столб. Секој столб содржи околу 12 индикатори. Резултатот на индексот на просперитет е определен со доделување на еднакви тежини на сите 9 столбови (компоненти) за секоја земја. Средната вредност на резултатите во деветте столбови го претставува целокупниот просперитет на земјата за која се утврдува квалитетот на живот. Врз база на овој краен резултат се врши рангирањето на земјата меѓу вкупно 149-те земји од Светот.

4. ЛЕГАТУМ ИНДЕКСОТ НА ПРОСПЕРИТЕТ ЗА МАКЕДОНИЈА

Според вкупниот Индекс на просперитет, Македонија во 2018 година е рангирана на 55-то место од вкупно 149 земји од Светот, а на 12-то место меѓу 22 земји од Источна Европа. Кога Индексот на просперитет се анализира од аспект на неговите компоненти (столбови) тогаш може да се забележи следното: според бизнис опкружувањето Македонија во 2018 година се наоѓа на 38-мо место од вкупно 149 анализирани земји од Светот, на 44-то место според сигурноста и безбедноста, на 49-то место според образованието, на 62-ро место според природната средина, на 68-мо место според личните слободи, на 72-ро место според управувањето, на 101-во место според компонентата економски квалитет, и на 121-во место според столбот социјален капитал.

Ако се анализираат суб-столбовите на LPI, тогаш највисоко и најниско рангирани суб-столбови на Индексот на просперитет за Македонија за 2018 година се следните:

- Највисоко рангирани
  - бизнис опкружување: пристап до кредит 15-то место;
  - образование: пристап до образование 24-то место;
  - бизнис опкружување: флексибилност на пазарот на работна сила 33-то место;
  - образование: човечки капитал на работната сила 40 –то место.
- Најниско рангирани
  - економски квалитет: ангажирање на работната сила на пазарот на трудот 145-то место;
  - социјален капитал: персонални и социјални односи 123-то место;
  - социјален капитал: цивилно учество 109-то место;
  - лични слободи: социјална толеранција 106-то место.

Ако се анализира LPI за целиот анализиран период од 2007 до 2018 година, тогаш може да се забележи дека во однос на 2007 година кога LPI изнесува 58,15 односно кога Македонија се наоѓала на 72-ро место, во 2018 година има пораст на квалитетот на живот бидејќи LPI изнесува 62,22односно Македонија се искачува нагоре на табелата за 17 места според овој индекс.


Кога се анализираат столбовите (компонентите) на LPI, тогаш позитивна промена во Македонија за целиот анализиран период од 11 години е забележана кај следните столбови (компоненти): бизнис опкружување - скок за дури 70 места (од 108-мо место во 2007 година на 38-мо место во 2018 година), економски квалитет - скок за 26 места (од 127-мо место во 2007 година на 101-во место во 2018 година), сигурност и безбедност - скок за 14 места (од 58-мо место во 2007 година на 44-то место во 2018 година), управување - скок за 8 места (од 80-то место во 2007 година на 72-ро место во 2018 година), кај природна средина скок за само 3 места (од 65-то место во 2007 година на 62-ро место во 2018 година). Во анализираниот период, негативни промени се забележани кај следниве компоненти: социјален капитал – пад за 13 места (од 108-мо место во 2007 година на 121-во место во 2018 година), здравје - пад за 10 места (од 68-мо место во 2007 година на 78-

мо место во 2018 година), образование – пад за 5 места (од 44-то место на 49-то место) и лични слободи – пад за едно место (од 67-мо место на 68-мо место).

Табела 1

година	Легатум Индекс на просперитет (LPI)		Компоненти (столбови) на Легатум индексот на квалитет (LPI)																	
			Економски квалитет		Бизнис опкружување		Управување		Образование		Здравје		Ситуриост и безбедност		Лични слободи		Социјален капитал		Природна средина	
	резултат	Ранг	резултат	ранг	резултат	ранг	резултат	Ранг	Резултат	ранг	резултат	ранг	резултат	ранг	резултат	ранг	резултат	ранг	резултат	ранг
2007	58,15	72	49,79	127	40,25	108	45,73	80	70,14	44	72,19	68	79,02	58	60,12	67	44,71	108	61,41	65
2008	58,75	67	50,60	126	41,71	100	46,63	78	70,02	47	71,73	71	81,95	45	59,90	70	44,80	108	61,43	64
2009	59,61	64	50,60	125	45,62	83	47,64	72	70,33	46	72,91	67	80,94	46	62,36	56	44,80	104	61,32	66
2010	59,94	61	51,73	122	48,15	74	49,25	67	71,25	41	72,08	73	79,68	53	62,74	50	41,83	125	62,79	61
2011	60,30	59	52,45	121	48,98	69	49,92	60	71,66	39	72,43	71	80,85	46	62,42	56	41,08	133	62,92	59
2012	60,35	59	52,98	120	50,57	64	49,42	61	71,54	42	71,68	74	81,06	45	60,33	66	42,47	119	63,14	61
2013	60,18	66	51,91	126	53,62	57	49,14	67	70,84	47	72,30	70	79,03	54	60,48	64	41,65	127	62,63	61
2014	62,22	48	54,50	108	56,46	42	50,81	61	71,69	41	72,25	73	82,22	41	61,16	65	48,12	84	62,73	62
2015	63,08	48	55,34	111	57,38	42	50,94	62	72,47	38	74,78	56	83,07	38	61,84	66	48,67	77	63,82	58
2016	62,12	52	55,30	111	56,21	49	50,43	65	71,29	46	73,59	63	83,13	38	60,35	70	45,00	119	63,82	55
2017	62,22	55	56,55	99	58,87	42	47,61	78	71,23	49	72,51	69	81,86	47	57,53	76	51,27	71	62,57	61
2018	62,22	55	57,16	101	60,28	38	48,89	72	70,98	49	71,60	78	81,71	44	61,72	68	44,76	121	62,92	62

Слика 1: Вредности на Легатум индексот на просперитет за Македонија 2007-2018 година



Слика 2: Местото што го зазема Македонија според Легатум индексот на просперитет 2007-2018



5. ЗАКЛУЧОК

Концептот на квалитет на живот е многу широк и мултидимензионален концепт кој ги опфаќа сите сфери на општеството односно целокупната благосостојба на луѓето и општеството. Денес, за мерење на концептот на квалитетот на живот се користат многу индикатори како на пример: Индексот на среќна планета, Индексот на човеков развој, Индексот на подобар живот, Индексот каде да се биде роден, Легатум индексот на просперитет, итн. Еден од овие индикатори е Легатум индексот на просперитет (LPI), релативно нов и сеопфатен индекс, кој на единствен начин го објаснува нивото и динамиката на просперитет на земјите во Светот. Кога се анализира LPI за Македонија за периодот од 2007 до 2018 година, може да се забележи дека во однос на 2007 година, во Македонија во 2018 година има пораст на квалитетот на живот бидејќи Македонија се искачила нагоре на табелата за 17 места според Индексот на просперитет. Ако се анализираат столбовите (компонентите) на LPI, тогаш лесно може да се забележи дека најдобри резултати Македонија покажува кај бизнис опкружувањето, економскиот квалитет и сигурноста и безбедноста, а најлоши кај социјалниот капитал и кај здравјето.

ЛИТЕРАТУРА

[1] I. Ilić i dr., Procena kvaliteta života – sadašnji pristupi, Acta Medica Medianae, Vol.49(4) , 2010, pp.52-60.
Legatum Institute, The Legatum Prosperity Index, twelfth edition, 2018, Country Profiles.
[2] M. Gligorić, B. J. Gavrilović, Lj. Savić, Prosperity Index as a Measure of Wellbeing in European Union and Western Balkan Countries, TEME, г. XLII, бр.4, октобар-децембар 2018, стр.1253-1275.
[3] M. Farquhar, Definitions of quality of life: A taxonomy, Journal of Advanced Nursing, No.22, 1995, pp.502-508.
[4] S. Beslerova and J. Dzuričkova, Quality of life measurements in EU countries, Procedia Economics and Finance 12 (2014), pp. 37-47, 2014.
[5] S. Pinto and all., Comfort, well-being and quality of life: Discussion of the differences and similarities among the concepts, Porto Biomedical Journal 2(1), 2017, pp.6-12.
[6] S. Ch. Aggarwal, Quality of life: Issues and Challenges in Measurement, Paris, France, 2015.
[7] V. Pukeilenî, V. Starkauskienî, Quality of life concepts, measurement and challenges, Taikomoji Ekonomika: Sisteminiai Tyrimai: 2009.3/2, 2009, pp.51-65.
[8] Z. V. Krinitcyna, T.R. Mihailova, M. V. German, Quality of life as basis for achieving social welfare of the population, SHS Web of Conferences 28, 01060, 2016.